РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1455/5
16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1455/1 од 08.05.2025 година, со наводи за сомневање за можна корупција во ЈОУ Дом на Култура „---------“--------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган.

Предметот со број 12-1455/1 од 08.05.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 08.05.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за можна корупција во ЈОУ Дом на Култура „-------“--------- и оформен е предмет број 12-1455/1.

Во пријавата се посочува дека во ЈОУ Дом на Култура „--------“ -------- биле вработени лица со несоодветно образование и истите со неадекватни изготвени решенија за вработување поради што примале повисоки плати.
Исто така, се наведува дека иако во наведениот Дом нема театар, биле вработени лица на работни места - актери и работници, без обезбедена согласност од Министерството за финансии, како и дека истите не се појавувале на работа.
Пријавата истовремено е доставена и до Основното јавно обвинителство – Кавадарци, Министерството за култура и туризам на РСМ и до Државната комисија за спречување на корупција.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Основното јавно обвинителство --------.
Добиени се бараните информации и од увидот во истата утврдена е следната фактичка состојба:
Во Основното јавно обвинителство ------- оформен е предмет под број V РО.бр.---/25, а кои што се однесува за сомневање за можна корупција во ЈОУ Дом на Култура „-------“-------. Наведено е дека предметот се наоѓа во фаза на собирање на докази и дека сè уште немаат донесено јавнообвинителска одлука.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган - Основното јавно обвинителство --------, кои оформил предмет во врска со предметните наводи, а постапувањето по истиот е во тек.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК